

**СПАСЕНКА АНДОНОВА**

**Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство - Скопје**

Родена на 17.06.1970 година во Струмица, живее во Скопје, каде го има оформено целото свое образование. По завршување на правните студии на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 1995 година до 2005 година, работи како приправник и стручен соработник во тогашното Општинско, подоцна Основно јавно обвинителство – Скопје, како и во Вишото јавно обвинителство – Скопје. На 06.12.2005 година избрана е за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство – Скопје, каде останува се до 12.05.2012 година, кога добива мандат да продолжи да работи како јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје. Од 01.02.2018 година продолжува да ја извршува функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Од 2007 година избрана е за член во Извршниот одбор на Здружението на јавните обвинители,од 2015 година до 2019 година е претседател на истото, а од 2022 година е потпретседател на Здружението на јавни обвинители во РСМ.

Активно учествува во работата на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ – Скопје, како едукатор во континуирана обука на повеќе теми, активно учествува во едукација на кандидати од повеќе генерации во почетната обука и е ментор и координатор при спроведување на практичната обука на кандидатите за идни судии и јавни обвинители. Коавтор е на повеќе печатени изданија – водичи и прирачници од областа на семејното насилство, компјутерскиот криминал, заштитата на новинари, примената на посебните истражни мерки и ништење на податоци собрани со посебни истражни мерки.